Врз основа на член 17 од Законот за шумите ( Службен весник на РМ" бр. 47/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ( Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.1997 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ

**Член 1**

Се основа Јавно претпријатие за стопанисување со шумите за стопанска намена во државна сопственост (во натамошен текст: Јавно претпријатие за стопанисување со шуми).

**Член 2**

Јавното претпријатие за стопанисување со шуми работи под фирма **Јавно претпријатие за стопанисување со шуми Македонски шуми" - Скопје.**
Скратен назив на фирмата гласи: **ЈП Македонски шуми".**

Седиштето на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми е во Скопје.

**Член 3**

Основна дејност на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми е:

- одгледување на шуми (одржување, нега, обнова, мелиорација, и реконструкција на шуми и шикари, пошумување во шума, на голини и на ерозивни земјишта);
- користење на шуми (сеча на дрвја, производство на шумски сортименти, собирање и производство на други шумски производи и тоа шумски плодови, лековити растенија или нивни делови, печурки, лишаи, мов, семе, смола, камен и сл., ставање во промет на дрво и други шумски производи, како и користење на шумите за туризам, лов и рекреација);
- заштита на шуми (од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања).

Покрај дејностите од став 1 на овој член Јавното претпријатие за стопанисување со шуми врши и:

- ловство и ловен туризам;
- организирање и вршење дотур на шумски сортименти;
- организирање и вршење транспорт на шумски сортименти;
- примарна преработка на дрво;
- преработка на други шумски производи;

- ознака за сеча на шуми во државна и во приватна сопственост;
- издавање на пропратна документација за пренесување и превезување на дрво;
- изработка на проекти, програми и друга документација врзана за дејноста на јавното претпријатие освен изработка на ловно-стопански основи и планови за стопанисување со шуми;
- изградба, реконструкција и одржување на шумски сообраќајници;
- производство и доработка на шумско семе;
- производство на шумски саден материјал;
- извоз на дрво и други шумски производи и преработки од дрво и од други шумски производи;
- набавка на механизација, опрема, репроматеријали и резервни делови за сопствени потреби од увоз или од домашно производство.

Јавното претпријатие за стопанисување со шуми врши и одгледување и заштита на шуми за посебна намена.

**Член 4**

Средства за основање на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми се средствата од постојните претпријатија што стопанисуваат со шуми и тоа: **Малешево"** - Берово; **Равна Река"** - Пехчево; **Голак"**-Делчево; **Осогово"** - Крива Паланка; **Кратово"** Кратово; **Осогово"** - Кочани; **Серта"** - Штип; **Плачковица"** - Радовиш; **Плачковица"** - Виница; **Беласица"** - Струмица; **Саланџак"** - Валандово; **Кожув"** - Гевгелија; **Демир Капија"** - Демир Капија; **Бор"** - Кавадарци **Црн Бор"** - Прилеп; **Бабуна"** -Велес; **Шумарство и пасишта"** - Свети Николе; **Кајмакчалан"** - Битола; **Бигла"** - Демир Хисар, **Липа"**-Крушево; **Преспа дрво"** - Ресен; **Галичица"** - Охрид; **Јабланица".** Струга; **Стогово"** -Дебар; **Лопушник"** - Кичево; **Сандански"** - Македонски Брод; **Шар"** Гостивар; **Лешница"** - Тетово; **Караџица"** - Скопје и **Куманово"** - Куманово.

**Член 5**

Јавното претпријатие за стопанисување со шуми за превземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со целиот свој имот.

**Член 6**

Организацијата на јавното претпријатие за стопанисување со шуми ќе се уреди со Статут.

**Член 7**

Органи на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми се: Управниот одбор, Одборот за контрола на материјално финансиското работење и Директорот.

Надлежностите, бројот, составот, организацијата и работата на органите на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми како и други работи од значење за неговиот делокруг се уредуваат со Статутот.

**Член 8**

Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми Управниот одбор го донесува во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 9**

За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми се именува Тодоров Симеон досегашен директор на ПОС Осогово" - Кочани.
Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите за запишување на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми во трговскиот регистар како и други активности потребни за отпочнување со работа на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми.

**Член 10**

Работниците, правата и обврските од претпријатијата што стопанисуваат со шумите од член 4 на оваа одлука, како и на деловите за стопанисување со шуми во ВРО Брегалница" - Кочани, ВРО Тиквешко Поле" - Кавадарци, ВРО Крива Река" - Крива Паланка, ВРО Пелагонија" - Битола и АД Црвени Брегови" -Неготино ги презема Јавното претпријатие за стопанисување со шуми согласно неговиот акт за систематизација.

**Член 11**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука може да се издвојат следните делови од постојните претпријатија за стопанисување со шуми, што вршат дејности кои не се од јавен интерес:

1. Печуркарата, компостарата и сушарата во состав на претпријатието за стопанисување со шуми Осогово" - Крива Паланка;
2. Ски-лифтовите во состав на претпријатието за стопанисување со шуми Осогово" - Кочани;
3. Рибникот во состав на претпријатието за стопанисување со шуми Лопушник" - Кичево;
4. Рибникот во состав на претпријатието за стопанисување со шуми Малешево" - Берово;
5. Опремата од рудникот за сијанит во состав на претпријатието за стопанисување со шуми Преспа дрво" - Ресен;
6. Фабриката за иверици во состав на претпријатието за стопанисување со шуми Бор" - Кавадарци.

**Член 12**

При издвојување на деловите од постојните претпријатија за стопанисување со шуми наведени во член 11 од оваа одлука, ќе се изврши поделба на капиталот (средствата и обврските) врз основа на искажаните податоци во билансот на состојбата на постојното претпријатие што стопанисува со шуми на ден 30.09.1997 година и тоа:

- капиталот (номиниран и неноминиран);
- средствата (постојни средства, обртни средства и средства од заедничка потрошувачка);
- обврските (долгорочни, краткорочни, пасиви).

Капиталот ќе го дели комисија според користењето, средствата и обврските од деловите на постојните претпријатија што стопанисуваат со шуми наведени во член 11 од оваа одлука, согласно технолошкиот процес на работа.

**Член 13**

Поделбата на вработените ќе се изврши врз основа на припадноста на технолошкиот процес на работа.

Вработените кои извршуваат работи од заеднички интерес ќе се распоредат согласно актот за систематизација.

**Член 14**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија".

Бр 23 3028/1
15 декември 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.